Владимир КАРТОВ

# МЕЃУНАРОДНОТО РАБОТНИЧКО ДВИЖЕЊЕ, КПЈ И ПРАВОТО НА НАРОДИТЕ НА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ

## 1. *Воопшто за правото на самоопределување*

Националното прашање како објективен општествено-историски проблем се појавува во повеќе земји уште пред XIX век. Меѓутоа, општо познато е дека ова прашање стана особено актуелно во XIX век. Затоа не е ни чудно што овој век во историографијата и социолошко-политичката теорија е познат како век на нациите. Тоа не значи дека не постои и подоцна. Напротив. Тоа не само што е присутно и во XX век, туку во многу земји тоа беше и сè уште е доста актуелно.

Националното прашање постои во оние земји чии нации, во својот процес на формирање и конституирање се среќаваат со разновидни надворешни пречки, односно се наоѓаат во услови на потчинетост. Поради тоа овие нации како во минатото така и денеска се принудени да водат борба со разновидни форми и содржини за да остварат своја национална слобода односно се стремат да го остварат своето право на самоопределување.

Во политичко-правната теорија долго време се водеше дискусија околу поимот и содржината на правото на народите на самоопределување. Денеска е општоприфатено мислењето пред сè дека тоа претставува право на сите народи и нации во светот самостојно да одлучуваат за своето национално битие и име, односно слободно да се определат и политички да се конституираат во слободна и независна национална држава или да се обединат со други народи во заедничка државна заедница. Исто така, ова право денеска веќе озаконето како меѓународно-политички и меѓународно-правен принцип го опфаќа правото на сите народи и нации, без мешање на надворешни фактори, да си изберат таков општествено-економски и политички систем со кој ќе моажт слободно да располагаат со постојните опште-

ствени и производни потенцијали а со цел да се овозможи побрз општествено-економски, политички и културен развиток на секој народ. Правото на самоопределување го содржи и правото на самостојно уредување на односите со другите народи и земји.

Правото на национално самоопределување денеска не претставува само едно од основните принципи во современите меѓународни односи туку и основно начело на меѓународното јавно право. Имено субјекти на ова право се сите народи во светот, што значи дека ова право е универзално. Неговите елементи на универзалност за првпат беа прокламирани уште во почеток на Втората светска војна, во Атлантската повелба (1941), кога беше утврдено како посебен принцип во регулирање на меѓународните односи а во Повелбата на ООН од 1945 година и подецидно разработено (чл. 1 и 55). Во последниве 30 години ова право и практички се применуваше во повеќе случаеви во рамките на решавање на некои национални прашања во меѓународната заедница.

Меѓутоа, сè до конечното завршување на Втората светска војна, овој природен стремеж на секоја нација за свое самоопределување не можеше слободно да се остварува. Вистина, правото на самоопределување, како политички принцип во меѓународните односи за првпат го прокламира буржоазијата, уште во текот на својата почетна борба за ликвидација на феудалниот општествено-економскиот систем, кој навистина претставуваше сопирачка за побрзиот развиток на народите. Но откога оваа класа се зацврсти на власта, самата го погази прокламираниот принцип. Имено, за време на империјализмот, во втората половина на XIX и на почетокот на XX век, буржоаските владеачки кругови на развиените капиталистички земји ја негираат борбата на национално-зависните и национално-поробените народи за извојување на националната слобода и самостојност односно за остварување на правото за национално самоопределување. Споменативе развиени капиталистички земји, преку настојувањето и борбата за задржување на постојната општествено-економска зависност на народите во Азија, Африка, Јужна Америка и на еден дел од Европа, всушност, го обезбедува класниот интерес на својата буржоазија за непречено богатење односно за остварување на профит. На тој начин се запираше општиот развој на човештвото, посебно на оние народи кои беа национално зависни и колонијално поробени. Поради тоа тие биле принудени да создаваат национални политички движења, и по правило да развиваат национално-ослободителна борба, која во многу случаеви и добиваше вооружена форма.

---

[1]) Поопширно за ова видете во трудовите на д-р Милан Булајић, Право на самоопредељење у Друштву народа и Уједињеним нацијама (917—962), Београд, 1963 и на м-р Иво Шкрабало, Право народа на самоопредељење и међународна заједница сп. „Југословенска ревија за међународно право", бр. 1—2, бгд., 1976, 47—60.

## 2. *Односот на К. Маркс, Ф. Енгелс и меѓународното револуционерно работничко движење спрема националноослободителната борба на поробените народи во втората половина на XIX век*

Општо познато е дека речиси сите буржоаски идеолози и теоретичари од времето на либералниот капитализам и почетокот на империјализмот ја бранеле колонијалната политика на буржоаската класа и воопшто политиката на буржоаските земји спрема зависните народи. Со тоа тие всушност биле против појавата и развивањето на националноослободителната борба на национално-поробените народи. Наспротив на тоа, основачите на научниот социјализам и водачите на меѓународното работничко движење, К. Маркс и Ф. Енгелс, оваа борба ја оценувале од гледиште на општата борба на пролетаријатот за социјална слобода. Имено, овие генијални мислители, иако во своите многубројни трудови посебно не се задржале на националното и колонијалното прашање со оглед на големото значење на револуционерниот полет на работничката класа, во земјите на западна Европа во основа докажале дека националното и колонијалното прашање, односно борбата на национално-зависните и колонијално-поробените народи за остварување на правото на самоопределување претставува составен и битен елемент на борбата на меѓународното работничко движење против постојниот капиталистички систем, односно дека таа е составен дел на борбата на пролетеријатот за ослободување на сите поробени и експлоатирани работни слоеви во светот. Впрочем, по својот антиимперијалистички и револуционерен карактер, таа беше објективно на линија на класната борба на пролетеријатот и револуционерниот прогрес на општеството. Како таква таа претставуваше значаен природен и потенцијален сојузник на тогашното револуционерно работничко движење, иако и оваа борба и ова движење сè уште не беа широко во светот развиени.

Уште во „Комунистичкиот манифест", тој основен научен програмски документ на револуционерната борба на пролетаријатот, Маркс и Енгелс пишуваа дека работничката класа, која се бори во една земја за свое класно ослободување, во суштина значи и дека се бори и за ослободување на сите експлоатирани општествени слоеви во својата земја и во останатите земји на светот. Во оваа смисла, во ова свое дело тие изрично тврдеа дека „колку повеќе се укинува експлоатацијата на една индивидуа од страна на друга, толку повеќе се укинува и експлоатацијата на една нација од страна на друга" и дека „со паѓањето на спротивностите на класите во рамките на една нација се отстрануваат и непријателските односи меѓу народите"[2]). Со

---

[2]) К. Маркс — Ф. Енгелс, Изабрани дела, I, Култура, Бгд., 1949, 2.

тоа Маркс и Енгелс ја прокламирале идејата за пролетерскиот интернационализам, според која, борбата на пролетаријатот против сопствената буржоазија во една земја, во исто време претставува и борба против постојниот капиталистички општествен систем. При тоа потенцирале дека борбата на пролетаријатот во капиталистичките земји значи индиректно помагање на борбата на национално-зависните и колонијално-поробените народи за свое национално и социјално ослободување.

Карл Маркс и Фридрих Енгелс посветиле доста внимание на националното и колонијалното прашање односно на борбата на народите на самоопределување и во свои други трудови. Во својата прва книга на Капиталот (XIV глава), Маркс врши значајна осуда на капиталистичкиот систем кој воспоставил поробувачки колонијален режим[3]). Вистина, Маркс укажал и на економската нужност на колонијализмот, но притоа остро ја осудил и суровоста на тој колонијализам, а особено на британскиот колонијален режим во Индија. Овој режим е вонредно анализиран од страна на Маркс во две статии што ги објавил њујоршкиот дневник „New York Daibu Tribune" на 25 јуни и на 8 септември 1853 година, под наслов: „Британското владеење во Индија" и „Идните резултати на британското владеење во Индија". Во последнава статија, Маркс, покрај другото, го пишува ио ва:

„Јас знам дека англиската буржоазија има намера да изгради железничка линија во Индија со исклучителна цел да може да постигне поефтина цена за дотурување на памукот и другите суровини за своите фабрики . . .

Меѓутоа, сето она што англиската буржоазија ќе го стори нема да ги ослободи индиските народни маси ниту битно ќе им ја поправи нивната општествена положба, бидејќи тоа зависи не само од развитокот на производните сили туку и од тоа дали народот ќе овладее со нив . . .

Длабокото лицемерство и варварство, својствено на буржоаската цивилизација, лежи разоткриено пред нашите очи кога капиталистите ја напуштаат својата земја каде имаат пристоен живот и одат во колониите каде се појавуваат како крвожедни експлоататори"[4]).

Маркс и Енгелс го разобличуваат и реакционерниот карактер на турското владеење на Балканот. Уште во средината на минатиот век Маркс сметаше дека е крајно неопходно ликвидирањето на турското владеење на Балканот, за да може да се забрза развојот на земјите во југоисточна Европа. Во врска со ова Маркс пишува дека: присуството на турското владеење

---

[3]) К. Маркс, Капитал, I, кн. I, Модерна теорија колонизација, Бгд., 1964, 469—478.

[4]) К. Маркс, Ф. Енгелс, Изабрана дела, I, Бгд., 1949, 330—33.

во Европа претставува сериозна пречка за развојот на природните богатства на Тракискоилирскиот Полуостров ... и порано или подоцна ќе се открие апсолутната неопходност еден од најубавите делови на нашиот континент да се ослободи од владеењето на темната толпа ...“[5]).

Истовремено, основачите на научниот социјализам безмилосно го разобличуваа, како агресивниот карактер на апсолутистичка царска Русија спрема Турција така и политиката на владите на западните европски капиталистички држави за поткрепата на статус-квото на Балканот и на Блискиот Исток[6]).

Карл Маркс и Фридрих Енгелс не само што научно ја анализирале политиката на реакционерните и апсолутистичките земји и на големите европски капиталистички земји спрема зависните и колонијално-поробените народи туку укажувале и на перспективата на борбата на овие народи за национална независност. Ослободувањето на овие народи, зборувале тие, ќе се изврши по пат на нивна сопствена еманципација, на еден повисок степен на општествениот развиток, кога ќе можат да изградат сами свои ослободителни движења. Кај зависните народи од европскиот дел на Турција, Маркс и Енгелс уште во текот на 50-тите години претскажувале дека созреале условите за појава и развиток на национално-ослободителното движење. „Факт е, пишуваше Енгелс, дека со турските поробувачи, така или онака ќе мора да се заврши“[7]).

Посебно значење имаат ставовите на Маркс и Енгелс во врска со научното претскажување на условите и времето за успешниот завршеток на борбата на национално-зависните и колонијално-поробените народи. „Кога една голема социјална револуција, пишуваше Маркс во статијата „Идните резултати на британското владеење во Индија“, ќе завладее со резултатите од буржоаската епоха, со светскиот пазар и модерните производни сили, и кога ќе ги потчини под заедничка контрола на најнапредните народи, дури тогаш човечкото општество ќе престане да личи на оној одвратен пагански идол кој сакаше да пие нектар само од черепот на убиениот“[8]). Во врска со ова, Ф. Енгелс, во едно свое писмо до К. Кауцки, покрај другото, пишуваше: „Само едно е сигурно: победничкиот пролетеријат не може на ниеден друг народ да му наметне било каква среќа, а со тоа воедно да не ја поткопа и својата сопствена слобода“[9]).

Ваквите свои револуционерни научно-теоретски ставови нашле свој одраз и во конкретната практичко-политичка дејност на Маркс и Енгелс како водачи на револуционерното ме-

[5]) К. Маркс, Ф. Енгелс, Соч., том IX, с. 374—375.
[6]) Истото, 3—4, 20—26 и 3—36.
[7]) Истото, 392.
[8]) К. Маркс — Ф. Енгелс, Изабрана дела, кн. I, ...., 332.
[9]) В. И. Ленин, Тетради по империјализму, Москва, 1939 год.

ѓународно работничко движење. Тие, непосредно се ангажирале за поддршка на тогашните национално-ослободителни движења во некои европски и азиски земји. Имено, меѓународното работничко движење, на повик на Маркс и на Генералниот совет на Првата интернационала, во сите можни случаеви, заземаше правилен став во борбата на зависните и колонијално-поробените народи за свое национално самопределување. Работнничкото движење воопшто, а посебно движењето во одделните метрополи го гледаа својот солидарен сојузник во народно-ослободителните движења на тие народи, бидејќи и пред едните и пред другите стоеле исти или слични задачи.

Интернационалистичкото расположение на англиските и француските работници дошло посебно до израз за време на Полското востание (1863 год.) против рускиот царизам. На еден состанок меѓу претставниците на овие работници одлучено е за заеднички истап преку организирање на митинзи во знак на солидарност со полскиот народ. Генералниот совет на Првата интернационала упати протест против мачењето на четири фенијанци, членови на Ирскиот револуционерен (Фенијски) сојуз чија цел беше ослободување на Ирска од англискиот јарем. Исто така се организирани повеќе пропагандни митинзи во Франција, со цел на работниците да им се објасни значењето и помагањето на таа борба. Маркс и англиските работници имале доста поголема заслуга и во тоа што англиската влада била спречена да изврши интервенција во Соединетите Американски Држави за време на граѓанската војна во интерес на реакционерниот југ кој го штитеше ропството. Генералниот совет на Интернационалата упатил посланица до Абрахам Линколн, што ја составил Маркс, а во која се изразувала солидарноста на европските работници „кои стрпливо ги поднесуваат тешкотиите на памучната криза, но ја поддржувале „борбата за ослободување на луѓето на црната раса кои биле оковани во синџири".

Врз основа на споменативе теоретски поставки на Маркс и Енгелс и на нивната практично-политичка дејност спрема борбата на народите за самоопределување произлегува еден општ заклучок дека пролетеријатот е должен да се бори за остварување на целите на национално-ослободителните движења. Впрочем во врска со тоа тие зборувале: „Кога движењето ќе биде вистински национално, тогаш нашите луѓе . . . ќе учествуваат без одвишни зборови"[10]). Според тоа, без сомнение, е фактот дека, како последица на ваквите Маркс—Енгелсови теоретски заклучоци и револуционерна практично-политичка дејност во однос на помагање на прогресивните национално-ослободителни дви-

[10]) К. Маркс — Ф. Енгелс, Сочинения, Т. IX, 1950, 377.

жења. Втората интернационала, на својот конгрес од 1896 година зазеде основа револуционерен став спрема национално-колонијалното прашање односно спрема борбата за националното самоопределување на народите.

Во усвоената Резолуција на споменатиов конгрес на Втората интернационала, а по повод точката — Политичката акција на пролетаријатот е констатирано следното:

„Конгресот изјавува дека се залага полно право на самоопределување на сите народи и се соживува со работниците на сите земји кои во моментот страдат од воениот јарем, цивилен или друг деспотизам: тој ги повикува работниците од сите земји да стапат во редовите на класно-свесното работништво на целиот свет, како со нив заеднички би се бореле за уништување на меѓународниот капитализмот и остварување на целите на меѓународната социјалистичка демократија...

Конгресот изјавува: Макар какви и да биле религиозните и цивилизаторските изговори на колонијалната политика, таа има за цел секогаш само проширување на областите на капиталистичката експлоатација во исклучителен интерес на капиталистичката класа"[11]).

Во првиот дел на оваа резолуција е јасно изразен правилен став на Лондонскиот конгрес на Втората интернационала спрема националното прашање кое е тесно поврзано со колонијалното. Имено, признато е полно право на самоопределување на сите нации, што значи дека истовремено е признато право на националната независност на сите национално-зависни и колонијално-поробени народи. Според тоа конгресот ги повикува народите во национално зависните земји и во колониите на ослободителната борба, која претставува значаен елемент на општата борба против капитализмот воопшто. И не само тоа. Овој дел на резолуцијата ни покажува и нешто друго. Имено, Интернационалата ги повикува експлицитно работниците од целиот свет на заедничка борба што значи дека треба да јакне интернационално единство во нивната класна борба. Усвојувањето на принципот на пролетерскиот интернационализам во суштина значеше и спротивставување на буржоаско-колонијалната политика.

Вториот дел на посочената резолуција се однесува конкретно на критиката на колонијалната политика на буржоазијата која има за цел проширување на капиталистичката експлоатација во исклучителен интерес на капиталистичката класа. Тоа е, исто така, во основа правилен став спрема колонијалното прашање. Меѓутоа, Резолуцијата принципиелно не ги прогласила колонијалните освојувања како недопуштено, туку ги осу-

[11]) Конгреси Друге интернационале, кн. I, Београд, 1953, 364.

дила само во толку до колку тоа го предизвикало проширувањето на капиталистичката експлоатација, а со тоа и оптоварувањето на работничката класа. Поради тоа може слободно да се каже дека овој дел на Резолуцијата за колонијализмот во најопшти црти има декларативен карактер бидејќи не укажува на преземање на конкретни мерки на политичките организации на работничката класа.

Меѓутоа, независно од овој факт, останатите ставови изразени во Резолуцијата на Лондонскиот конгрес на Втората интернационала, ни покажуваат дека Втората интернационала зазела сосема марксистички став како спрема националното така и спрема колонијалното прашање. Имено, Маркс-Енгелсовите ставови спрема ова прашање, за кое зборувавме порано, беа на еден општ теоретски начин инкорпрорирани во таа резолуција. Тоа покажува дека тогаш раководството на Втората интернационала, односно делегатите на Лондонскиот конгрес доследно стоеле на социјалистичките позиции.

Таквиот теоретски јасен принципиелен марксистички став спрема националното и колонијалното прашање имаше големо значење во практичната револуционерна борба на меѓународното работничко движење во текот на XX век. Револуционерното значење на оваа резолуција на Лондонскиот конгрес на Втората интернационала е повеќе пати истакнувано од Владимир Илич Ленин. Во една прилика, во врска со тоа, тој пишуваше:

„Според становиштето на социјалистите, апсолутно е погрешно да се игнорираат задачите на националното ослободување во условите на назионалното угнетување.

Во Резолуцијата на Втората интернационала репродуцирани се најбитните основни постапки на тоа становиште: од една страна, сосема отворено се признава да не се допуштаат никакви погрешни толкувања за признавање на полното право на самоопределувањето на сите нации; од друга страна, исто толку недвосмислено, се повикуваат работниците на интернационалното единство на нивната класна борба.

Ние мислиме дека таа резолуција е наполно правилна и дека таа во земјите на Источна Европа и Азија во почетокот на XX век е единствена правилна директива за пролетерската, класната политика и националното прашање“[12]).

---

[12]) В. И. Ленин, За националното и национално-колонијалното прашање, Скопје, 1959, 174—175.

### 3. *В. И. Ленин, Коминтерната и правото на народите на самоопределување*

Посебно значаен придонес во расветлувањето на местото, улогата и значењето на националното прашање даде В. И. Ленин. Неговите трудови посветени на ова прашање вонредно и убедливо ја покажуваат неговата длабока научност и приврзаност на дијалктичките принципи и историскиот материјализам. Со својата творечка анализа за сојузниците на пролетаријатот во буржоаско-демократските и социјалистичките револуции, тој многу ја збогати револуционерната теорија и стратегија, бидејќи националното прашање го оцени како составен дел на пролетерската револуција.

Се поставува прашање како Ленин можеше да дојде до овие свои ставови. Без секакво сомнение е фактот дека Ленин длабоко ги проучи ставовите на основачите на научниот социјализам Карл Маркс и Фридрих Енгелс и на Првата и на Втората интернационала, спрема националното прашање до крајот на XIX век[13]). Имено, ставовите на Маркс и Енгелс спрема националното и колонијалното прашање имаа големо влијание за формирање на Лениновиот поглед во однос на работничкото движење спрема националните и колонијалните проблеми кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Во повеќе статии, тој не само што го цитираше туку и ги коментираше и пропагираше ставовите на Маркс и Енгелс во редовите на на меѓународното работничко движење. Така, на пример, во статијата „За правата на нацијата на самоопределување" на едно место Ленин пишува:

„Заклучокот од сите Марксови критички напомени наполно е јасен: работничката класа е далеку од тоа да прави од националното прашање фетиш, бидејќи развитокот на капитанизмот не буди самостоен живот на сите нации. Но, кога масовните национални движења веќе се создадоа, да им се сврти грбот на нив, да се откаже од она што прогресивно во нив значи да се подлегне на националните предрасуди, всушност да се смета „својата нација" за „примарна нација" ...[14]).

Во прилог на тоа одеше и тогашната положба на Царска Русија и другите земји во Европа и Азија. Царска Русија беше една од шестте најголеми империјалистички сили во која кон крајот на XIX и почетокот на XX век руските феудалци, капиталисти и другите претставници на великоруската држава што не ги признава основните национални права на голем број неруски народи во состав на оваа голема држава. Сите тие на-

---

[13]) В. И. Ленин, За националното и национално-колонијалното прашање, Скопје, 1959, 175—186.

[14]) В. И. Ленин, О националном и колонијалном питању, Напријед, Загреб, 1958, 168—169.

роди, па дури и оние најмногубројните како што се: украинскиот, белорускиот и други беа лишени од можноста слободно да ги развиваат своите материјално-производни сили, својот јазик, науката и културата воопшто. Врз нив беа вршени политички, културни и економски обесправувања. Заради тоа, кај овие националнообесправни народи кон крајот на XIX и почетокот на XX век се појавуваат и развиваат национално-ослободителни движења. Меѓутоа сите тие движења немаат разработено програми.[15]).

Со цел да одговори на историската потреба на времето и да даде интернационалистички ориентации на руското работничко движење спрема споменатите национално ослободителни движења во тогашна Русија, Ленин уште во почетокот на својата револуционерна дејност почна интензивно да се занимава со националното прашање воопшто а посебно со национално-ослободителните движења кај поробените народи, како сојузници на пролетерската револуционерна борба. Обработувајќи ги основните компоненти на социјалистичката револуција во почетокот на XX век а во контекстот на развитокот на историските настани кои ги направи тогашниот развиток на империјализмот како составен дел на капитализмот, Ленин со особено внимание ги следеше и проучуваше движењата кај национално-поробените народи не само во царска Русија, тука и во другите земји во Европа (посебно балканските) и Азија. Тогаш во повеќе наврати Ленин инсистираше на класното значење на националното прашање односно за неможноста да се води класна борба а таа да не биде и борба за национално ослободување. Според тоа Ленин ги поврза перспективите на социјализмот со исходот од решавањето на националното прашање. Во суштина тоа е битна новина што Ленин ја даде во марксистичката теорија пред Октомвриската револуција, а која овозможи успешно спроведување на првата социјалистичка револуција во Русија и пренесување на борбите за социјализам во другите земји каде постои национално и колонијално угнетување.

В. И. Ленин накусо речено националното прашање го оцени како составен дел на социјалистичката револуција односно како едно од најважните прашања на револуционерната теорија и практика на работничкото движење. За тоа еве што впрочем пишуваше во статијата „Револуционерниот пролетеријат и правото на нациите на самоопределување".

„Бесмислено е социјалистичката револуција и револуционерната борба на пролетаријатот против капитализмот да се спротивставуваат на решавањето на едно од прашањата на демократијта, во дадениот случај националното прашање. Ние мо-

---

[15]) М. И. Куличенко, Јубилејна литература о место и роли многонационалного вопроса в Октобарской революций. Вопроси истории КПСС, бр. 2/1970, стр. 107—119.

раме да ја поврземе револуционерна борба против капитализмот со револуционерната програма и тактика во однос на сите демократски барања и оние врзани за република, за милиција, за избор на чиновници од страна на народот, за рамноправност на жените и за самоопределување на нацијата и друго"[16]).

Во врска со прашањето за односот на работничкото движење спрема борбата на народите на самоопределување Ленин водеше расправа и со истакнати сили на пролетаријатот како, на пример, со Роза Луксембург, која не му го даваше она значење на националното прашање што всушност го имаше во општата борба на пролетаријатот[17]). Во екот на оваа полемика која трае неколку години во почетокот на XX век, Ленин високо ја разви социјалната суштина за правото на народите на самоопределување. Исто така тој го истакна ова право како едно од битните во борбата за сестрана рамноправност на нациите. Заради тоа секоја револуционерна партија на пролетаријатот која во своите конкретни акции а посебно во револуционерните не го вклучи и правото на националното определување ја сметаше за недоследно револуционерна а нејзината програма непотполна.

Во годините пред и во текот на самата прва светска војна Ленин во низа свои дела ја разработи политичката платформа на Болшевичката партија спрема националното прашање. Платформата е јасно определена уште на советувањето на Централниот комитет на партијата со своите партиски раководители во Порањин 1913 год. Во резолуцијата на ова советување се говори за неопходноста на воведување широка автономија за сите народи во Русија, односно потврдено е барањето на партијата за обезбедување права на поробените народи за остварување право на самоопределување, т.е. на одвојување и информирање на самостојна држава. Но при тоа е нагласено прашањето за оправданоста на отцепување. Тоа прашање треба да се решава самоопределување да не се меша со прашањето за посебен случај, тргнувајќи од интересите на класната борба на пролетеријатот за социјализам[18]).

В. И. Ленин доследно се залагаше за остварување на овие прокламирани ставови во периодот меѓу февруарската и Октомвриската револуција. Во овие неколку месеци од февруари до октомври 1917 година во неколку наврати, тој преку весниците водеше полемика со некои погледи на есерските, кадетските и меншевичките ставови во врска со Финска, Украина и други

---

[16]) В. И. Ленин, Сочинения, том XXI, 1952, 372.

[17]) Истото, том XX, стр. 365—424.

[18]) В. И. Ленин, О националном и колонијалном питању, Згб., 1958, 224.

прашања[19]). Притоа се залагаше за неодложно остварување на правото на отцепување од Русија на сите оние народи кои биле насилно обединети или насилно држави во нејзините граници. Истовремено се залагаше и за создавање на можни „покрупни држави" и зближување на нациите не по пат на сила, туку исклучиво врз основа на создавање на слободен братски сојуз на работниците и работничките маси на сите нации[20]).

Споменатите Ленинови ставови беа инкорпорирани во Резолуцијата на Руската социјал-демократска партија (болшевици) во 1917 година во која се потврдени ставовите од политичката платформа на оваа партија усвоена во 1913 година[21]). Според тоа во екот на практично-политичките подготовки за изведување на социјалистичката револуција во Русија, Ленин во областа на националното прашање, најнапред посебно инсистираше на почитување на принципот на самоопределување на народите, вклучувајќи го тука и почитувањето на слободата на отцепување, а потоа на создавање на доброволен сојуз на рускиот и неруските поробени народи. Како резултат на тоа во 1922 година се создаде првата социјалистичка федеративна заедница — Сојузот на советските социјалистички републики (СССР).

Марксистичко-ленинистичките ставови спрема борбата на национално-зависните и колонијално-поробените народи односно спрема правото на народите на самоопределување биле инкорпорирани не само во програмските документи на Руската социјал-демократска партија (болшевици), туку и во платформните документи на Коминтерната. Уште на својот основачки конгрес (Москва, март 1919 год.), оваа меѓународна организација на комунистичкото движење, разгледувајќи ја меѓународната ситуација констатира дека политиката на Антантата (Сојузот на Големите капиталистички држави од Европа и САД) на Мировната конференција во Париз, не само што се води зад затворени врати, туку претставува и грубо нарушување на правата на малите, поробените и победените народи. Истовремено, Конгресот оцени дека правото на самоопределување на народите, што во текот на Војната го истакна американскиот претседател Вилсон, на споменатава мировна конференција најотворено се погазувало, бидејќи судбината на светот ја решавале претставниците на петте големи сили на тајни седници и врз осно-

---

19) Иако Февруарската револуција прокламираше национална слобода за сите народи на Русија, всушност Привремената влада што беше основана за време на оваа Револуција, во својата практична политика продолжи со царистичката политика во областа на националното прашање и меѓунационалните односи. (Поопширно за ова видите кај Стипе Шувар: Националното и националистичкото, Скопје, 1978, 48—49.

20) В. И. Ленин, О националном и колонијалном питању..., 341.

21) Истото, 343.

ва на империјалистичките принципи[22]). Во своите основачко-платформни документи (Манифестот, Меморандумот, Тезите за меѓународната ситуација и политиката на Антантата) таа не само што ја осуди ваквата империјалистичка политика на Антантата, туку и одлучно се заложи да се поддржи борбата на народите за остварување на правото на самоопределување во целиот свет. Во името на ова право на народите на само определување, Коминтерната ја прокламира и поддржуваше паролата за создавање на Балканска или Балканско-подунавска република, како трајна гаранција на мирот во овој дел на Европа и за позабрзаниот развиток на балканските и подунавските народи. За остварувањето на оваа цел, а врз основа на платформата на непомирливоста на класната борба и непосредното извојување на социјалистичката револуција, Коминтерната се заложила за создавање на борбен сојуз на сите револуционерни сили на Балканот и Подунавјето[23]).

Посебен придонес во однос на борбата на народите за остварување на правото на самоопределување дал Вториот конгрес на Коминтерната (Москва, 1920 год.). Врз основа на Лениновите тези, кои самиот ги објавил во јуни 1920 година во сп. „Комунистически интернационал" како и неговиот уводен реферат за националното и колонијалното прашање поднесен на Вториот конгрес на Коминтерната, споменатиов конгрес ја усвоил својата политичка платформа во однос на ова прашање — дека комунистичките партии не само што мораат да прават разлика помеѓу угнетените и угнетувачките нации, туку треба и активно да ја помагаат национално-ослободителната борба на угнетените народи, односно на борбата на оние народи што настојуваат да го остварат своето право на самоопределување[24]).

### 4. *КПЈ и правото на народите на Југославија на самоопределување*

Марксистичко-ленинистичките револуционерно-теоретски ставови, а особено Лениновата практично-политичка дејност на планот на разрешувањето на меѓунационалните односи во Русија имале значајно влијание и на политичките ставови што ги заземале и граделе балканските комунистички партии меѓу кои и КПЈ спрема национално-ослободителните движења на угнетените народи. Меѓутоа, нивната марксистичка политичка теорија, како и конкретната политика на балканското комунистичко движење, не така лесно и брзо го прифатиле и преминувале ова ре-

---

22) Први конгрес Треће интернационале, Рад, Београд, 20—28.
32) Истото, 83.
24) Прва, Друга и Трећа интернационала, Бгд., 1952, 259—264 и 481.

волуционерно учење на меѓународното револуционерно работничко движење на чело со В. И. Ленин. Нема сомнение дека КПЈ, после неколкугодишно талкање, во поглед на борбата на национално-угнетените народи завзеде доследно-револуционерен, односно марксистичко-ленинистички став. Имено, КПЈ во текот на 30-тите години ова прашање го третираше како составен дел на социјалистичката револуција. И не само тоа, оваа политичка авангарда на работничката класа на Југославија во текот на втората половина на 30-тите години спроведуваше и револуционерна практично-политичка дејност. Таа во овие години застана на чело на национално-ослободителните движења на угнетените народи во Југославија во тие рамки и на македонското, и истовремено постана нивен идејно-политички р'бетник и водечка идејно-политичка сила во подготвување на широките маси за изведување на социјалистичка револуција. Имено, општо познато е дека ниедна политичка партија или било какво политичко движење не зазема доследно револуционерен односно марксистички став по некое актуелно прашање тогаш кога за него се декларираат „најправилни“, револуционерни ставови, туку дури тогаш кога заедно со тоа или потоа се изгради сопствена стратегија и тактика, односно започнуваат да се мобилизираат масите кон таа програма и, истовремено, се влезе во практичка борба за остварување на поставените цели. Според тоа, КПЈ навистина зазеде марксистичко-ленинистички став во однос на правото на народите на Југославија на самоопределување, а во тие рамки и спрема борбата на македонскиот народ за национално самоопределување, тогаш когаш паралелно со процесот на изградувањето на новата национална програма ја менуваше и доразвиваше својата практичко-политичка дејност. Тоа видно беше манифестирано уште во текот на 1935—1937 година, но посебно се изрази во револуционерните битки на работничката класа во годините непосредно пред фашистичката агресија на Југославија. Имено, во овие години КПЈ се однесуваше спрема борбата на национално-угнетените народи на Југославија како составен дел на подготовките на социјалистичката револуција. И не само тоа. Таа тогаш активно ги подготвуваше масите за изведување на споменатава револуција. Со Со тоа таа ги продлабочуваше врските со својата социјална база и со другите слоеви на југословенското општество истовремено ангажирајќи ги во определен осмислен општествен прогрес. Накусо речено, работничката класа стана најзначаен фактор во борбата за национално ослободување на своите народи. Имено југословенските комунисти зедоа непосредно учество во борбата на национално-угнетените народи за остварување на правото на самоопределување. Со тоа комунистите станаа предводници на национално-ослободителните движења. Како резултат на тоа во текот на НОБ и социјалистичка револуција, а под

водството на КПЈ на чело со Ј. Б. Тито сите југословенски народи и народности, вклучувајќи го тука и македонскиот, остварија своја национална и социјална слобода преку создавање на социјалистичка федеративна заедница[25]).

Навистина и комунистичките партии на Бугарија и Грција во текот на 30-тите години заземале извесни правилни теоретски ставови спрема македонското национално прашање односно спрема борбата на македонскиот народ на самоопределување и понекогаш спроведувале и такви практично-политичкиакции со кои на определен начин се овозможувало и да се афирмира македонската самобитност. Меѓутоа, сето тоа се вршело на еден недоследно марксистички начин. Имено, нивниот однос спрема македонското национално прашање не достигнал степен на нов револуционерен квалитет, како што бил случајот со КПЈ, за кој зборуваме во нашиов прилог, односно реферат. Поради тоа раководствата на овие две комунистички партии за време на антифашистичката борба на македонскиот народ во пиринскиот односно егејскиот дел на Македонија се колебале и секогаш имале по некоја резерва во однос на борбата на македонскиот народ за остварување на правото на национално самоопределување. Во периодот по војната овие партии дури и во декларативна смисла на зборот го погазија принципот на правото на нациите на самоопределување.

Наспротив на ваквите недоследно-марксистички ставови на Комунистичката партија на Грција и на комунистичката партија на Бугарија, КПЈ остана доследно револуционерна како со својата теоретско-политичка платформа така и со својата практично-политичка дејност спрема правото на самоопределување на народите во Југославија и во повоениот период. Денеска ова право во СФР Југославија претставува едно од основните уставни принципи. Имено, правото на народите на самоопределување е внесено во сите устави на нашата земја, па и во последниот од 1974 година. Во рамките на основните начела на уводниот дел, под точка I, во Уставот на СФРЈ, децидно се вели:

„Народите на Југославија, тргнувајќи од правото на секој народ на самоопределување, вклучувајќи го правото на отцепување, врз основа на својата слободно изразена волја во заедничката борба на сите народи и народности во НОВ и Социјалистичката револуција а во согласност со историските стремежи, свесни дека и понатаму да се зацврсти нивното братство и единство во заедничкиот интерес, заедно со народностите кои живеат, се обединија во сојузна република на слободни и рам-

---

[25]) Во југословенската, и посебно во македонската историографија и публицистичко-политичката мисла, ова прашање е доста широко и студиозно обработено, поради што во овој наш прилог и не се задржуваме пошироко.

ноправни народи и народности и создадоа социјалистичка федеративна заедница на работните луѓе — Социјалистичка Федеративна Република Југославија[26]).

Правото на народите на самоопределување е прокламирано, исто така, како основен принцип и во Уставите на социјалистичките републики. Според тоа, правото на самоопределувањето на нациите во Југославија е остварен во конкретно-историските услови. Примената на овој принцип во конкретните услови во Југославија значи создавање на услови и односи во кои слободните луѓе и слободните народи можат прогресивно се обединат врз социјалистичка основа.

Во СФРЈ, во целиот повоен период се водеше и се води постојана грижа за остварување на сите услови за полна национална рамноправност. Таа е всушност постојана компонента на политиката на нашата земја и денеска со сигурност може да се каже дека е реализирана на таков степен, на кој тешко може да се најде пример во светот. Таа се остварува низ севкупниот самоуправен општествено-економски и политички систем, а посебно во Југославија е разработена и во сферата на индивидуалните слободи и права, потоа меѓу политичките права и воопшто во правото на еднаквост на сите луѓе. Со таквата своја прокламирана и применувана марксистичко-ленинистичка политика во областа на меѓунационалните односи, СФРЈ претставува земја во која под водството на СКЈ дојде до унапредување на марксистичката практика во областа на националното прашање и меѓунационалните односи.

Vladimir KARTOV

## THE INTERNATIONAL WORKERS MOVEMENT, COMMUNIST PARTY OF YUGOSLAVIA AND THE RIGHTS OF THE NATIONS' SELF-DETERMINATION

### Summary

1 In political and juridical theory a polemical discussion about the concept and content of the right of nations self-determination have been carried out. At present the general opinion is that suc a right is of all ations of the world for self-determination. This right has gained a legality as an internatioal-political and an international-juridical principle. It is above all a right of all peoples to determine their own political status without any external forces i.e. it is a right for the establishment of a free, independent national state for a right for the unification of a people of a nation

26) Устав СФРЈ, Београд, 1974, 3.

with other peoples in a federal state community. Moreover, it involves the right to a free choice of their own socio-economic and socio-political system where the peoples can freely use the social and material potentialities of it, and its purpose is to enable a people a more rapid socio-economic, political and cultural development. The right of self-determination further involves the right of independent management of relations with other nations and countries.

2. Those peoples who did not realis e their right of self-determination pursued wars of national liberation during the era of imperialism in the second-half of the Nineteenth and in the early part of the Twentieth centuries. By their anti-imperialistic and revolutional character these peoples were objectively on the side if the class struggle of the proletariat and of revolutionary progress of the society. As such these wars were a significant natural ally of tle revolutionary International workers movement of that period and together ith it established a revolutional anti-imperialist front. However, the realisation of such a revolutionary league between the proletariat and the nationally surpressed peoples was dependent on the relation between the vanguard of the working class and the movements for national liberation.

3. It is commonly known that the founders of the science of socialism Karl Marx ad Friedrich Engels, demonstrated the importance of the proletariat for its social freedom. It is true that Marx and Engels's works did not particularly pay much attention to this question, but in their practical political activities they supported many national movements for liberation of that time. It is without doubt that the revolutionary stand of the peoples' struggle for the right of their natonal self-determination was established at the London Conference of the Second International in 1896, was a direct result of Marx and Engles's revolutionaly and practical politicalideas. It was for the first time that the Second International declared in an official document its positive support of the struggle of the nationally surpressed peoples, which meant that the right of peoples' self-determination became a general principle both in international relations and in international law. It is also known that Lenin contributed much material to the national question. His works on this problem illustrate his deep understanding of the principles of dialectical and historical materialism. Lenin unsisted on the class character of the national question i.e. it was impossible to lead a class struggle if it was not a struggle for national determination. Thus, Lenin linked the prosperity of socialism wth the results of resolving the national quetion. In fact, this was the major contribution of Lenin' to the theory of Marxism prior to the October Revolution, which itself contrbuted to the

success of the firts socialist revolution in Russia and the transfer of the struggle for socialism in other countries where the national question had not been resolved.

4. Lenin's ideas were incorporated not only in the programme of the Russian Socio-Democrat (Bolshevik) Party but also in the documents of the Comntern. On the basis of Lenin's theses and his introductory paper „On the National and Colonial Question" presented aatthe Second Congress of the Comintern (Third International in 1920, the mentioned Congress accepted the poitical stand on this question — the Communist parties were not only obliged to make a difference between the surpressed nations and their surpressors but they also and to support the national struggle for the liberation of the surpressed peoples for their right of national self-determination.

Lenin's revolutionary and theoretical ideas, particularly his practical political activit for the resolving the relations between the peoples in Russia had an emense influece on the political attitudes of the Balkan Communist parties and their views on the national movements for the liberation of the surpressed peoples. However, the Marxist political theory and the concrete policy of the Balkan Communist movement did not easily accept these ideas of the International revolutionary workers movement led by V. I. Lenin.

5. It is without a doubt that the Communist Party of Yugoslavia after a period of indecisiveness to the struggle of nationally surpressed peoples in the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes took a revolutionary position i.e. a Marxist-Leninist position. The Communist Party of Yugoslavia during the second half of the Thirties not only established its own political attitude to the struggle of the peoples of Yugoslavia for their self-determination but it also carried out practical-political activities. It resulted in the triupht of the National War for Liberation and the Socialist Revolution during which under the leadership of the Communist Party of Yugoslavia and of Tito all the peoples and nationalities of Yugosavia, including the Macedonian nation, realised their national and social freedom with the establishment of the Socialist Federation. In the meantime, FNRJ i.e. FSRY not only proclaimed the right sor self-determination of its peoples in all its constitutions but during the whole post-war period it has been pursuing a policy of equality of all Yugoslav peoples and nationalities.